Macedonian/Македонски

# Ваш официјален водич

## за сојузните избори 2025

САБОТА, 3 МАЈ 2025

**ГЛАСАЊЕТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО**

ЗА АВСТРАЛИЈЦИ НА ВОЗРАСТ ОД 18 ГОДИНИ И ПОСТАРИ




## Вашиот глас ќе помогне во оформувањето на Австралија

# **Порака од** вршителот на должноста претседател на Изборната комисија

Овој водич содржи совети за тоа како да ги проверите изворите на информации и што треба да направите за да важи вашиот глас, објаснува што се случува на гласачкото место и одговара на најчесто поставуваните прашања.

На денот на изборите ќе ги отвориме гласачките места низ земјата, а ќе нудиме и други можности за гласање за да им помогнеме на заедниците да го кажат своето мислење.

Можете да бидете сигурни дека ги спроведуваме изборите со **интегритет**, осигурувајќи дека вашиот глас е безбеден на секој чекор од процесот – од печатење до пребројување на вашите гласачки ливчиња.

Жестока размена на идеи е дел од изборната кампања и ве поттикнувам внимателно да ги разгледате сите информации што ќе ги добиете, а посебно оние што го доведуваат во прашање нашиот добро воспоставен изборен процес.

**Запрашајте се дали тие информации се од препознатлив и веродостоен извор**. Ако одговорот е ‘не’, мојот предлог е да бидете внимателни.

Кога ќе одите на гласачкото место, запомнете дека нашите службеници се обични Австралијци кои се таму за да ви помогнат во процесот на гласање.

Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au** за повеќе информации како можете да го кажете вашето мислење на овие избори.

**Jeff Pope**
Вршител на должноста претседател на Изборната комисија

ПОВЕЌЕ ОД **97%**
гласачи со право на глас во изборниот список

**7,000+**
гласачки места

**500+**
центри за предвремено гласање

**100,000+**
привремено вработени лица на изборите

# **Застанете и размислете**
## Проверете го изворот на информации на овие сојузни избори

За време на изборниот период се раздаваат голем број на информации кои имаат за цел да влијаат како да гласате.

Информациите од различни извори се важен дел од демократскиот процес. Ова им дава на кандидатите, политичките партии и другите начин да ги споделат нивните политики и верувања со гласачите.




Сепак, некои информации може намерно да бидат лажни или погрешни. Важно е внимателно да размислите за тоа што го гледате, слушате или читате за сојузните избори.

Одвојте време да размислите:

- **Од каде** доаѓаат информациите? Дали се од веродостоен медим или официјална сметка на социјалните мрежи?
- **Кога** беа објавени? Стари информации кои повеќе не се точни може да се споделат за да изгледаат како нови.
- **Проверете** ако не сте сигурни. Технологијата на вештачка интелегенција го олеснува создавањето лажни информации за процесот на гласање.

Ако видете нешто за процесот на сојузните избори за кое не сте сигурни, прашајте во AEC. Ова е особено важно за информации кои можете да ги видите на социјалните мрежи или на интернет. Одете на **aec.gov.au/stopandconsider** за повеќе информации и кратки видео записи со корисни совети.

# Изборите ќе се одржат во сабота, 3 мај 2025

## Гласачките места ќе бидат отворени од 8 ч. наутро и ќе се затворат точно во 6 ч. попладне

Сојузните избори се одржуваат со цел гласачите да можат да изберат пратеници во Парламентот кои ќе ги застапуваат нивните ставови и интереси во Претставничкиот дом и во Сенатот. Следуваат неколку работи што треба да ги знаете за гласањето.

### Кој треба да гласа?

Сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари мора да бидат запишани во гласачкиот список и да гласаат на сојузните избори.

### Каде можам да гласам?

На денот на гласањето, можете да гласате на било кое гласачко место во вашата држава или територија. Гласачките места се отворени од 8 ч. наутро до 6 ч. попладне.

Гласачките места обично се наоѓаат во локалните училишта, цркви, сали во заедницата и во јавни згради.

За да дознаете каде се наоѓа најблиското гласачко место, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/where**

### Што да правам ако ми треба помош?

Ако имате ограничена подвижност или попреченост, или се грижите за некој кој ги има, можете да ги проверите деталите за пристапност до гласачките места на **aec.gov.au/where**

На гласачите кои се слепи или имаат слаб вид им стојат на располагање опции за гласање кои можат да им помогнат. Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/assistance** или јавете се на **13 23 26**.



### Што да правам ако сум во друга држава или територија?

Ако на денот на изборите се наоѓате во друга држава или територија, ќе можете да гласате во назначен центар за гласачи од друга држава или да ги разгледате опциите за предвремено гласање.

### Што да правам ако не можам да гласам на денот на изборите?

Ако на денот на изборите не можете да гласате на гласачко место, можеби ќе исполнувате услови да гласате предвреме, лично или по пошта.

#### Како можете лично да гласате предвреме

Ако ги исполнувате условите, можете да гласате пред денот на изборите. Центрите за предвремено гласање ќе бидат отворени од **вторник, 22 април 2025**. Датумите и времето кога тие се отворени се различни, затоа посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/where** за да ги проверите деталите за секој центар.

За повеќе информации за предвремено гласање и дали ги исполнувате условите за тоа, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/early** или јавете се на **13 23 26**.

#### Како можете да гласате предвреме по пошта

По пошта можат да гласаат гласачите кои го исполнуваат условите за тоа. Проверете дали ги исполнувате условите и поднесете барање онлајн на **aec.gov.au/pva**

AEC мора да ги прими барањата најдоцна до **6 ч. попладне во среда, 30 април 2025**.

Ве молиме, јавете се на **13 23 26** ако немате пристап до интернет и сакате да се пријавите за гласање по пошта.

Може да добиете барање за гласање по пошта од политичка партија или друга организација. На трети странки им е дозволено да ги испраќаат овие барања до домаќинствата, но вие не сте приморани да ги користите. Можете да поднесете барање директно до AEC за да добиете пакет за поштенско гласање.

### Во која изборна единица живеам?

Можете да проверите во која изборна единица живеете на **aec.gov.au/electorate**

Името или границите на вашата изборна единица можеби се промениле од последните сојузни избори како резултат на прераспределба. Тоа може да значи дека треба да гласате во друга изборна единица или дека вашето вообичаено гласачко место можеби се наоѓа во друга изборна единица.

### Одлуката за кого ќе гласате е ваша

Одлуката за тоа како ќе гласате е целосно ваша. Надвор пред гласачкото место, претставници на кандидатите може да ви понудат картички „како да гласате“ (‘how to vote’ cards), предлагајќи ви да гласате на одреден начин. Не сте обврзани да ги земете или да ги следите упатствата на картичките „како да гласате“.

Имате ли друго прашање?
Одете на **aec.gov.au/faqs**

# Што ќе се случи на **гласачкото место?**

Кога ќе пристигнете на гласачкото место, службено лице ќе ве праша за вашето име и презиме, адреса и дали веќе сте гласале на изборите во 2025 година.

- Вашето име ќе биде пречкртано на избирачкиот список.
- Ќе добиете гласачко ливче за Претставничкиот дом и гласачко ливче за Сенатот.
- Следете ги упатствата на гласачките ливчиња за правилно да ги пополните или побарајте помош од службено лице.
- Откако ќе ги пополните гласачките ливчиња, ставете ги во гласачката кутија.
- Ако сте користеле молив од АЕС, ставете го во кутијата пред излегување.

Се препорачува да водите сметка за хигиената и е достапно средство за дезинфекција на рацете.

**Нашиот персонал е тука да ви помогне.**
Ве молиме да го почитувате.




# Што треба да направите **за вашиот глас да важи**

Ќе добиете два гласачки листа, мало зелено ливче за Претставничкиот дом и голем бел лист за Сенатот. **Мора да ги пополните двата гласачки листа.** На зеленото гласачко ливче, гласате за претставник на вашата локална област или изборна единица во Претставничкиот дом. На белиот гласачки лист, гласате за претставници на вашата држава или територија во Сенатот.

## Претставнички дом

На зеленото гласачко ливче, **напишете број во секое квадратче** по редослед според ваш избор. Ставете го бројот „1“ во квадратчето за кандидатот кој е вашиот прв избор, „2“ за кандидатот кој е втор по ваш избор и така натаму, и продолжете сè додека не напишете броеви во сите квадратчиња.


House of Representatives
Ballot Paper

OFFICIAL USE ONLY

State
Electoral Division of Division Name

**Number the boxes from 1 to 8 in the order of your choice**

| | | |
|---|---|---|
| | 2 | SURNAME, Given Names<br>INDEPENDENT |
| LOGO | 3 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 7 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 8 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 1 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| | 5 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 6 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |
| LOGO | 4 | SURNAME, Given Names<br>PARTY |

Remember... number every box to make your v[...]nt

SAMPLE

Примерок на гласачко ливче

Дали знаевте дека може да вежбате како да гласате на веб-страницата на AEC? Отидете на **aec.gov.au/practise**

## Сенат

На белиот гласачки лист, имате избор да гласате на два начини:

### Над линијата

Ако изберете да гласате над линијата, треба **да напишете броеви во најмалку 6 квадратчиња.**

Напишете го бројот ‘1’ во квадратчето за партијата или групата за која најповеќе сакате да гласате, бројот ‘2’ за партијата или групата која е втора по ваш избор и продолжете сè додека не напишете броеви во најмалку 6 квадратчиња. Можете да продолжите да пишувате броеви по редослед според ваш избор во онолку квадратчиња над линијата колку што сакате.




Примерок на гласачко ливче

**ИЛИ**

### Под линијата

Ако изберете да гласате под линијата, треба **да напишете броеви во најмалку 12 квадратчиња,** од 1 до 12, за поединечни кандидати по редослед според ваш избор. Можете да продолжите да пишувате броеви по редослед според ваш избор во онолку квадратчиња под линијата колку што сакате.




Примерок на гласачко ливче

**Не грижете се ако направите грешка.**

Можете да побарате друг гласачки лист и да почнете одново.

# Ваш официјален водич
## за сојузните избори 2025
## САБОТА, 3 МАЈ 2025

# Алтернативни формати
## на овој официјален водич

### Достапни информации

За гласачи кои се слепи или со слаб вид, овој официјален водич е достапен на веб-страницата на AEC во формат со големи печатни букви, како е-текст или аудио верзија на **aec.gov.au/assistance**

Водичот во овие формати, како и отпечатен во Брајова азбука (Braille), можете исто така да го побарате по телефон на **13 23 26**.

Ако сте глуви или наглуви, контактирајте нè преку National Relay Service (NRS): Користете го претпочитаниот канал за повици и дадете им го нашиот број, **13 23 26**, на NRS.

Исто така ќе бидат достапни услуги за преведување на Auslan (австралискиот знаковен јазик). За повеќе информации, посетете ја веб-страницата на AEC.




### Информации на други јазици

Преведени верзии на овој водич на 34 јазици може да се преземат од **aec.gov.au/translated**

Исто така, може да се користат телефонски преведувачки услуги. За информации во врска со гласањето и изборите на македонски јазик, јавете се на **1300 720 139**.

Гласањето е задолжително за сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари. Ако не гласате, може да бидете казнети. Гласањето повеќе од еднаш е кривично дело.

24-2017

**aec.gov.au** 13 23 26

AEC Australian Electoral Commission

Овластено од претседателот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Канбера
Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra